Извештај за реализирана Наставно - научна екскурзија  на 23.05.2023 година

Учениците до трето одделение на 23.05 2023 гоина реализираа Наставно – научна екскурзија во Радовиш, согласно Наставниот план и програма за трето одделение. Тргнувањето беше од пред училиште ООУ „ Кирил Пејчиновиќ“ во 08:30. Попатно ги видовме ветерниците кои произведуваат струја. Го видоа и рудникот Бучим  за злато, бакар и сребро. По пристигнувањето во Радовиш ја посетивме црквата Св. Троица. Учениците имаа можност да ги видат прекрасните фрески во црквата, а исто така одморија во прекрасно уредениот двор на црквата.  Го посетивме и Домот на културата каде им беа презентирани народните носии од источниот крај. Културното друштво „ Ацо Караманов“ изведе неколку ора од овој крај. Го видоа 600 години стариот јавор, џамијата со минарето и презадоволни се вративме во 15:00 во автобус. Пристигнавме во Скопје во 17:00.









  



24.05.2023 год Актив на III одделение